ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-11/16
06.07. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 40 од Законот за вршење на сметководствени работи, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на одржана седница на ден 06.07.2016 година во Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за формирање на Инспекциски Совет за контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец – сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи

### Член 1

Согласно член 40 од Законот за вршење на сметководствени работи Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на одржана седница на ден 06.07.2016 година донесе одлука за формирање на Инспекциски Совет за контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец – сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи.

### Член 2

Контролата од член 1 на оваа одлука ја вршат овластени сметководители од Институтот со најмалку пет години работно искуство во вршењето на сметководствени работи, кои за секоја контрола ги именува Управниот одбор со решение.

### Член 3

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија • Скопје • ИСОС

Ленче Папазовска

Тихомир Мурџески

Орхан Рамадани

Тони Димитровски

Јован Златевски